UDC: 373.3.016:316.774]:811.163.3
*Professional paper*

# MEDIA CULTURE AS PART OF THE MACEDONIAN LANGUAGE SUBJECT IN PRIMARY EDUCATION

# МЕДИУМСКАТА КУЛТУРА КАКО ДЕЛ ОД ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Marina DANILOVSKA[1], Marina SPASOVSKA[2]**

[1*] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*
[2*] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*
[*] *Corresponding author e-mail: marina.danilovska@unite.edu.mk, marina.spasovska@unite.edu.mk*

**Abstract**

With the development of information technology, the need for frequent use of the Internet, to search for information from various sources, for the use of social networks, etc. The media is a part of human's everyday life, especially to young people, so their correct use is of particular importance. Therefore, in recent years, the need to give way to media culture has emerged as a space in teaching.

For the needs of the work, we decided to review the curricula and textbooks for the Macedonian language subject from VI to IX grade, where we found that out of a total of 144 planned teaching hours annually, the area of media culture is represented by a fund of 10 hours in VII, VIII and IX grade and with a fund of 20 hours in grade VI. In these classes, the students deepen their knowledge about the media (printed and electronic), about the freedom of expression, but also for film, entertainment and educational shows, etc.

***Keywords:*** medium, class, student, teacher, internet.

**Апстракт**

Со развитокот на информациската технологија се наметнува и потребата за често користење на интернетот, за барање информации од различни извори, за користење на социјалните мрежи и др. Медиумите се дел од секојдневието на човекот, особено на младите, па затоа од особена важност е нивната правилна употреба. Токму затоа последните години се наметна потребата на медиумската култура да ѝ се отстапи простор во наставата.

За потребите на трудот се одлучивме да направиме преглед на наставните програми и на учебниците по предметот *Македонски јазик* од VI до IX одделение, при што констатиравме дека од вкупно предвидени 144 наставни часа годишно, подрачјето медиумска култура е застапено со фонд од 10 часа во VII, VIII и IX одделение и со фонд од 20 часа во VI одделение. На овие часови учениците ги продлабочуваат своите сознанија за медиумите (печатени и електронски), за слободата на изразувањето, но и за филмот, забавните и образовните емисии и др.

***Клучни зборови:*** медиум, час, ученик, наставник, интернет.

https://doi.org/10.62792/ut.filologjia.v12.i22-23.p2516

Денес, со забрзаниот развој на информациската технологија, имаме брз пристап до информациите коишто ни се потребни. На самиот почеток во трудот ќе ги дефинираме поимите медиум и мас-медиум. Медиум претставува средство за масовна комуникација[1], а мас-медиум средство за масовно информирање: печат, радио, телевизија, интернет[2]. „Со појавата на новите медиуми (Интернет, мобилна телефонија итн.) единката се стекна со нов простор во кој ќе може да се манифестира себеси“[3], а преку медиумите се пренесуваат и определни размислувања, ставови, како и вредности, коишто може да имаат и одредено влијание врз формирањето на личноста кај помладата популација.

Младите луѓе во виртуелниот свет создаваат слика за себе, а за „изградба на што е можно пореална слика, потребна е медиумска писменост“.[4] Ќе посочиме дека секој од нас е одговорен за содржините што ги објавува на интернет-страниците, па затоа „критичкото размислување, медиумската писменост и дигиталната писменост ќе бидат предност за оние кои ќе ги поседуваат“.[5] Денес медиумите се дел од секојдневието на човекот, особено на младите, па поради тоа особено е важна нивната правилна употреба. „Медиумската писменост е способност да се пристапи, анализира, проценува и создава медиумска содржина во најразлична форма и на крај да се делува или да се користи таа содржина“.[6]

Токму затоа последните години се наметна потребата на медиумската култура да ѝ се отстапи простор во наставата. За потребите на трудот се одлучивме да направиме преглед на наставните програми и на учебниците по предметот *Македонски јазик* од VI до IX одделение, при што констатиравме дека од вкупно предвидени 144 наставни часа годишно, подрачјето медиумска култура е застапено со фонд од 10 часа во VII, VIII и IX одделение и со фонд од 20 часа во VI одделение.

Во **VI одделение** во Наставната програма по македонски јазик[7], од ова подрачје се застапени следниве содржини:

- Улогата на новинарството (вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност);
- Слобода на изразување и етичко однесување во дигиталниот простор (лични навреди и клевети, почитување на приватност);
- Стереотипи и говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи (родови стреотипи, возрасни стереотипи, расни стереотипи, етнички стереотипи, професионални стереотипи, говор на омраза).

Во оваа наставна програма[8] се посочува дека од учениците се очекува да научат за информативни содржини и за содржините во кои се изнесува мислење, да ја објаснат улогата на новинарството, да знаат да ја објаснат важноста на слободата на изразување, да осознаат за заштитата на приватноста во дигиталниот простор и за последиците од неетичкото однесување во дигиталниот простор, да умеат да препознаат стереотипи во медиумите и др.

---

[1] Види на: http://drmj.eu/show/%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC/%D0%BC

[2] Види на: http://drmj.eu/show/%D0%BC%D0%B0%D1%81-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC/% D0%BC

[3] Види во: *Прирачник за наставници за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик - за основно и за средно образование*. (2010). Скопје: Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis“, стр. 94.

[4] Исто, стр. 94.

[5] Исто, стр. 7.

[6] *Прирачник за медиумска писменост за млади, за медиуми и за граѓански организации.* (2018). Скопје: Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, стр. 9.

[7] Наставна програма по македонски јазик за VI одделение, МОН, БРО: Скопје, 2023, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/Makedonski-jazik-6-odd.6625.pdf,стр. 32-33.

[8] Исто, види на стр. 32.

Исто така, наставниците за потребите на овие часови можат заедно со своите ученици да посетат и некоја медиумска куќа (телевизија, радио и др.) и одблиску да ги запознаат со работата на новинарите и со креирањето на содржините коишто се објавуваат. Во оваа нова наставна програма која се применува од оваа учебна година дадени се и повеќе примери за активности со учениците, коишто можат „да послужат и како модел за креирање нови активности“[9].

Во **VII одделение** во Наставната програма[10] по македонски јазик, од ова подрачје се застапени следниве содржини:

- Видови филмови според намената и според содржината;
- Цртан филм- оживување на цртежи и на кукли;
- Документарен филм;
- Забавни и образовни радио и ТВ емисии;
- Делови на печатено дело: пасус, предговор, поговор, глава, том.

Во неа[11] се наведува дека од учениците се очекува да умеат да прават разлика меѓу видовите филмови според намената и содржината; да го согледаат позитивното и негативното во постапките на ликовите во филмот, да ги осознаат техниките и развојните периоди на цртаниот филм и куклената театарска претстава; да ги воочат образовната и воспитната улога на овие филмови во културата на живеењето и др.

Наставникот на овие часови кај учениците може да го поттикне и интересот за следење на образовни емисии, коишто ќе им овозможат да ги збогатат своите знаења. Исто така, тој може да практикува и заедничко гледање на филмови, како и вежби за правење постери, изработување на визуелни приказни, подготовка на списанија и сл.

Во **VIII одделение** во Наставната програма[12] по македонски јазик, од подрачјето медиумска култура се застапени следниве содржини:

- Од филмска идеја до сценарио (книга на снимање филм);
- Видови говор во филмот. Главни и споредни артисти.

Во наставната програма[13] се истакнува дека учениците треба да стекнат сознанија за поимите: филмска идеја, синопсис (фабула на филмот), сценарио (книга на снимањето). На овие часови наставникот на своите ученици може да им покаже извадоци од синопсис и сценарио, или, пак, да примени вежби за пишување на истите, како и да покани сценаристи или режисери коишто ќе им објаснат како се создава и како се снима еден филм.

Во **IX одделение** во Наставната програма[14] по македонски јазик, од подрачјето медиумска култура се застапени следниве содржини:

- Изразни средства на филмот: говор, глума, музика, звучни ефекти, маски, шминка;
- Поим за филмска адаптација на литературно дело;
- Споредување на театарската, филмската и литературната уметност.

---

[9] Наставна програма по македонски јазик за VI одделение, МОН, БРО: Скопје, 2023, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/Makedonski-jazik-6-odd.6625.pdf), стр. 33-36.

[10] Наставна програма по македонски јазик за VII одделение, МОН, БРО: Скопје, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-VII_odd-mkd.pdf, стр. 14.

[11] Исто, види на стр. 14.

[12] Наставна програма по македонски јазик за VIII одделение, МОН, БРО: Скопје, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-VIII_odd-mkd.pdf, стр. 13.

[13] Исто, види на стр. 13.

[14] Наставна програма по македонски јазик за IX одделение, МОН, БРО: Скопје, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-IX_odd-mkd.pdf, стр. 13-14.

Во неа[15] се наведува дека од учениците се очекува да научат дека изразните средства на филмот служат за пoсликовито прикажување на филмската идеја, синопсисот и сценариото пред публиката. Исто така, учениците треба да умеат да ја споредуваат литературната, филмската и театарската уметност, а тие заедно со наставникот може да посетат и театарска претстава. Во продолжение на трудот ќе наведеме и еден пример за самостојна активност со ученици од VII одделение, при која тие треба да подготват три рубрики за едно списание.

Задачата на наставникот е да ја организира активноста и да ги поттикне своите ученици да истражуваат, па така тој покрај тоа што ја има „улогата на подучувач, претставува медијатор, посредник помеѓу наставните содржини и ученикот, и оној кој помага во неговата индивидуализација и енкултурација, со примена на современи техники и стратегии“ (Димова, 2007: 263). Најпрво ќе посочиме дека „Драгутин Росандиќ ги дели самостојните активности на учениците според следниве типови прашања:

- прашања што ги раздвижуваат перцептивните способности на учениците;
- прашања што ја раздвижуваат интелектуалната дејност на учениците;
- прашања што ја раздвижуваат учениковата имагинација;
- прашања што ја раздвижуваат учениковата критичка рефлексија;
- прашања што ги раздвижуваат асоцијативните процеси кај ученикот;
- прашања што бараат аналогии и разграничувања;
- проблемски прашања.“[16]

Наставникот ги дели учениците во пет групи (во секоја група има и момчиња и девојчиња), а секоја група добива различни задачи. Три групи ќе работат како новинари со различни задолженија, една група како уредници и една група ќе го осмислува дизајнот. Притоа наставникот дава јасни упатства за текот на активностите. Тој истакнува дека учениците треба постојано да комуницираат и меѓусебно да си помагаат. Првата група новинари добива задача да работи на рубриката *Литература*, каде што ќе се објавуваат литературни творби од учениците кои учат во тоа училиште, како и одбрани песни, раскази или извадоци од литературните дела на претставниците на современата македонска книжевност.

Втората група ќе ја осмислува рубриката *Забава.* Тие ќе добијат задача да истражуваат за тоа кои се најслушани песни, како и најгледани филмови. Третата група ќе добие задача да работи на делот *Рекламирање* каде што ќе можат да пишуваат и за прочитаните книги за деца и млади, како и за најновите изданија од издавачките куќи, бидејќи на тој начин можеби и ќе се поттикне интересот за читање кај учениците. Четвртата група или уредниците ќе го уредуваат списанието, а петтата група ќе го осмислува дизајнот на насловната страница и на целото списание.

Можеме да заклучиме дека „современата комуникација се одвива во глобално, дигитално богато, презаситено со информации и постојано променливо општество, а новите технологии ни овозможија да комуницираме речиси со сите луѓе во кој било дел од светот, во секое време“ (Јунг, Лори и Хигс, 2016: 34). Денес, „при социјализацијата, воспитувањето и образованието на младите луѓе, учествуваат и други фактори, како што се медиумите во општеството“.[17]

---

[15] Исто, види на стр. 13-14.

[16] Види повеќе во: Димова, В. *Литературното дело и реципиентот*, Македонска реч, Скопје, 2007, стр. 64.

[17] *Прирачник за наставници за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик - за основно и за средно образование.* (2010). Скопје: Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis“, стр. 33.

Па така од особена важност е правилното користење на медиумите, бидејќи медиумската писменост е „способност да се пристапи, анализира, проценува и создава медиумска содржина во најразлична форма и на крај, да се делува или да се користи таа содржина“.[18]

## Референци


[1]. Димова, В. (2007). *Литературното дело и реципиентот*. Скопје: Македонска реч.

[2]. Јуинг, Р., Лори. Т, Хигс, Џ. (2016). *Наставата и комуникацијата.* Тетово: Арберија дизајн.

[3]. Наставна програма по македонски јазик за VI одделение, МОН, БРО: Скопје, 2023 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/Makedonski-jazik-6-odd.6625.pdf).

[4]. Наставна програма по предметот македонски јазик за VII одделение, МОН, БРО: Скопје, февруари 2008 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-VII_odd-mkd.pdf

[5]. Наставна програма по македонски јазик за VIII одделение, МОН, БРО: Скопје, ноември, 2008 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-VIII_odd-mkd.pdf

[6]. Наставна програма по македонски јазик за IX одделение, Скопје, септември, 2009 г., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Makedonski_jazik-IX_odd-mkd.pdf

[7]. *Медиумската писменост во Македонија: обид за имплементација во основното образование.* (2018). Скопје: Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, https://www.medium.edu.mk/attach/Mediumskata-pismenost-vo-Makedonija-obid-za-impelementacija-vo-osnovnoto-obrazovanie-MKD.pdf

[7]. *Прирачник за медиумска писменост за млади, за медиуми и за граѓански организации.* (2018). Скопје: Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, https://www.medium.edu.mk/attach/Priracnik-za-mediumska-pismenost-MK.pdf

[8]. *Прирачник за наставници за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик - за основно и за средно образование*. (2010). Скопје: Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis“, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2009/08/priracnik_za_nastavnici_za_izucuvanje_na _mediumskata_pismenost_vo_nastavata_po_majcin_jazik.pdf

[9]. *Рамка за медиумска писменост во основното образование.* (2023). Скопје: МОН, БРО, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/Ramka-za-mediumska-pismenost-vo-osnovnoto-obrazovanie_MK.pdf

[10]. Хејс, Д. (2017). *Основи на наставата во основното образование.* Тетово: Арберија дизајн.


[18] Види во: *Прирачник за медиумска писменост за млади, за медиуми и за граѓански организации.* (2018). Скопје: Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, стр. 9.